Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 62/6306
17.02.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од Здружение „Агро Лидер“ против интернет – порталот „Макпрес.мк“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 јануари 2020 година, Здружение за рурален развој локална акциона група „Агро Лидер“ поднесе жалба за текстот со наслов „Трипуновски: 20 дена нема откуп на тутун во Прилеп“, објавен на 5 јануари 2020 година, на интернет – порталот „Макпрес.мк“ (www.makpress.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и дека медиумот, без да ја провери точноста на содржината, ја презел од друг портал, каде што се ширеле невистини.

*„Невистината објава се однесува на изјавата на дополнителниот заменик министер за Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски каде што наведува дека Тутунскиот комбинат Прилеп веќе 20 дена е затворен и не врши откуп додека сезоната е во тек“,* се вели во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „Макпрес.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори на наводите на жалителот и, воедно, изрази подготвеност да објави демант доколку подносителот на претставката смета дека тоа е потребно. Жалителот оцени дека, сепак, нема потреба од објавување демант и дека за затворање на случајот се доволни аргументите што „Макпрес.мк“ ги навел во одговорот на жалбата.

Од „Макпрес.мк“ аргументираа дека во нивниот текст само се пренесува изјава од политичар дадена за медиуми, во случајов, на дополнителниот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. Поднесената жалба ја сметаат за неоснована и додаваат дека изјавата на министерот Трипуновски била преземена од неговиот официјален фејсбук профил, а не, како што наведува подносителот на жалбата, од друг интернет – портал.

*„ Воедно, тука нагласуваме дека како редакција не можеме да бидеме одговорни за изјавите кои ги даваат политичарите, ниту пак е можно секоја изјава на политичар или некое друго официјално лице да биде детално проверувано од наша страна“,* се посочува во одговорот на жалбата.

Од „Макпрес.мк“, меѓу другото, потенцираа дека до нивната редакција не бил пристигнат никаков демант во врска со објавениот текст, но оставија простор да објават демант доколку здружението „Агро Лидер“ тоа го побара од нив.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот случај на медијација треба да служи како пример за решавање слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени, и во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да објават демант доколку тоа е потребно. На тој начин, новинарот го штити сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595